Врз основа на член 34 од Статут на Пливачка Федерација на Македонија (ПФМ), Управниот Одбор на ПФМ на седницата одржана на 12.02.2019г. донесе:

# ПРАВИЛНИК

## ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ СОВЕТ НА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

### I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник, во согласност со Статутот на Пливачка Федерација на Македонија (во понатамошниот текст ПФМ), се уредува делокругот, начинот на работа и одлучување на Стручниот Совет на ПФМ (во понатамошниот текст: Стручен Совет), како и останати прашања од значење за работата на Стручниот Совет.

**Член 2**

Одредбите од овој Правилник се задолжителни за сите членови на Стручниот Совет и сите лица кои учествуваат во работа или присуствуваат на состаноците на Стручниот Совет.

**Член 3**

Во работа на состаноците на Стручниот Совет, покрај членовите на Стручниот Совет може да присуствуваат и други лица по повик од Претседателот на Стручниот Совет.

**Член 4**

Претседателот на Стручниот Совет се грижи за правилна примена на одредбите на овој Правилник

**Член 5**

Стручниот Совет на ПФМ:

- ја организира и следи стручната работа во ПФМ
- го анализира постоечкиот систем на натпревари и предлага систем на натпревари
- дава мислење за извештај на Тренер на репрезентација
- дава мислење за календарот на натпревари
- му предлага на Управниот Одбор (УО) на ПФМ кандидати за Национален Селектор и тренери на репрезентации
- учествува во подготовките на работата на Селекторот и тренерите и ја координира нивната работа
- покренува иницијатива за решавање на други прашања од интерес за унапредување и развој на пливачкиот спорт
- поднесува квартален Извештај за својата работа на УО на ПФМ
- овозможува и обезбедува стручна помош на членовите на ПФМ
- изработува планови за стручната работа, ја следи реализацијата и организира стручно усовршување на спортските стручни лица во спортската гранка - пливање



Scanned by CamScanner

**Член 6**

Состаноците на Стручниот Совет се одржуваат по потреба.

**Член 7**

Претседателот на Стручниот Совет го составува предлог Дневниот ред за состанок на Стручниот Совет.
При составувањето на предлог Дневниот ред, Претседателот на Стручниот Совет должен е во Дневниот ред да внесе прашања кои се во интерес и надлежност на Стручниот Совет.
За состаноците на Стручниот Совет, материјал подготвува член кој ќе го овласти Претседателот на Стручниот Совет.

**Член 8**

Во случај на отсуство на Претседателот на Стручниот Совет, со состанокот ќе претседава член од Советот кој претходно е овластен од Претседателот.

**Член 9**

Состанокот на Стручниот Совет го свикува Претседателот на Стручниот Совет по писмен пат (по пошта или електронски).
Состанокот на Стручниот Совет може да биде одржан и по електронски пат или по пат на писмена кореcподенција или конференциски повик со членовите на Стручниот Совет.

**Член 10**

Стручниот Совет носи предлог-заклучоци со мнозинство на гласови од сите членови.

**Член 11**

За текот на состаноците на Стручниот Совет се води Записник кој се средува и полага по ред на одржување во календарската година и истиот содржи:

- реден број на состанокот
- време и место на одржување на состанокот
- име и презиме на присутните и отсутните членови, како и име и презиме на другите лица кои присуствуваат на состанокот
- усвоен Дневен ред
- резултат од гласањето по поединечни точки од Дневниот ред и евентуално издвоени мислења
- предлог-заклучоци кои ги донел Стручниот Совет
- време на завршување на состанокот

За уредно и ажурно водење на Записник се грижи лице - записничар кое го одредува Претседателот на Стручниот Совет.
Записникот го потпишува Претседател и записничар.

**Член 12**

Составен дел од интегралниот записник го сочинуваат предлог-заклучоци, решенија, анализи, извештаи и други материјали, кои на состанокот се разгледувале и истиот се архивира по ред на одржување календарски.

**Член 13**

Измени и дополнување на овој Правилник врши Управниот Одбор на ПФМ.



Scanned by CamScanner

**Член 14**

овој Правилник стапува на сила осум (8) дена од денот на усвојување и објавување на официјалната интернет презентација на ПФМ: www.pfm.org.mk

Скопје, 12.02.2019г.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УО НА ПФМ
Александар Маленко

ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ



Scanned by CamScanner